**Известување за приватност на кандидати за вработување**

**1. Краток опис на процесот на обработка на личните податоци**

Селекција на кандидати за вработување во Порше Македонија ДООЕЛ, Скопје.

**2. Целта на ова известување и негов правен основ**

Ние ги обработуваме Вашите лични податоци врз основа на Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр. 42 од 16.02.2020 год.). Информациите во прилог на ова Известување се во согласност со член 17 од Законот за заштита на личните податоци.

**3. Кој е Контролор?**

- Контролор е Порше Македонија
- За дополнителни информации за Порше Македонија, посетете ја веб страната https://www.porsche.com.mk/

**4. За Кои лични податоци ви ги обработуваме и кој има пристап до нив?**

Ние ви ги обработуваме оние лични податоци кои ги имате наведено во личната биографија што ни ја имате пратено.

Ги обработуваме податоците кои што Ве идентификуваат и Вашите контакт податоци (име, презиме, националност, датум на раѓање, e-mail адреса, телефонски број).

Исто така, може да обработуваме и друга документација која би ни ја пратиле во прилог на личната биографија, како на пример сертификати, препораки и слично.

До Вашите лични податоци пристап може да имаат:

Вработените во Службата за човечки ресурси одговорни за процедурата на избор на кандидати како и одговорниот раководител во чија служба ќе работите.

**5. Од каде ги добиваме Вашите лични податоци?**

Директно од вас.

**6. Зошто ги обработуваме башите лични податоци и врз која законска основа?**

Вашите лични податоци ги обработуваме за да избереме соодветен кандидат кој би ја пополнил отворената работна позиција.

Вашите лични податоци ги обработуваме како преддоговорна активност, односно законскиот основ на обработката е исполнување на договор каде што вие сте договорна страна или за преземање на активности на барање на субјектот на личните податоци пред негово пристапување кон договорот (член 10, став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на личните податоци)

**7. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Времето на чување на Вашите лични биографии е следно:

- За неизбраните кандидати – една (1) година
- За избраните кандидати – 45 години
- За кандидатите кои доставуваат лични биографии без распишан оглас – една (1) година

**8. Пренесе лични податоци во трета земја или меѓународна организација**

Деловните процеси на компанијата сè повеќе ги надминуваат границите на една држава. Оваа глобализација бара не само достапност на комуникациски и информациски системи низ Компанијата, туку и светска обработка и употреба на информации во рамките на компанијата. Вашите лични податоци може да бидат предмет на прекугграничен трансфер на податоци, односно пренесени во трети земји на Европаката унија, особено во Австрија.

При пренос на личните податоци во трети земји, Порше Македонија ќе се осигура дека третата страна ќе обезбеди соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци, како што се бара во Законот за заштита на личните податоци.

**9. Кои се Вашите права во однос на личните податоци?**

Имате право да пристапите до личните податоци што ги обработуваме за Вас и до релевантнни информации кои се однесуваат за тоа како ги обработуваме. Под одредени услови, имате право да побарате да ги избришеме вашите лични податоци или да ја ограничите нивната обработка. Имате право да приговорите на нашата обработка на Вашите лични податоци, во било кое време. Ние ќе го разглоедаме Вашето Барање, ќе донесеме одлука и ќе Ве известиме за истата.

Вашето Барање може да го испратите до Порше Македонија преку пошта во затворен плик на адреса Бул. Босна и Херцеговина бр. 4 или преку e-mail на адресата valentina.jovanovska@porsche.com.mk.

**10. Како да ја повлечете вашата согласност и кои би биле последиците?**

N/A (Не е применливо)

**11. Автоматско донесување на одлуки**

N/A (Не е применливо)

**12. Право на жалба за начинот на обработка на Вашите лични податоци**

Доколку имате некакви забелешки или жалби во врска со начинот на кој што Ви ги обработуваме Вашите лични податоци, во секое време може да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци на e-mail адреса: valentina.jovanovska@porsche.com.mk

Исто така, во секое време имате право да поднесете жалба до Агенцијата за заштита на личните податоци https://dzlp.mk/prizlnlp

**13. Контакт информации**

Ве охрабруваме да не контактирате за секое прашање или поплака која би ја имале во однос на тоа како ги обработуваме Вашите лични податоци

Доколку сакате да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци, тоа може да го сторите преку e-mail адреса: valentina.jovanovska@porsche.com.mk, или преку пошта со назнака до Офицер за заштита на личните податоци. Поштенската адреса на Порше Македонија е: Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, 1000 Скопје.